**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Љопче Димитковска**
**именуван за подрачјето на**
**Основните Судови**
**Струмица и Радовиш**
**ул. Васил Сурчев бр.5**
**тел. 034 344-553**

**Образец бр.66**

**И.бр.42/2016**

Извршителот **Љопче Димитковска** од **Струмица** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **СИЛК РОУД БАНКА АД Скопје** од Скопје со ЕМБГ/ ЕМБС/ ЕДБ 4030993229939 и живеалиште/ престојувалиште/ седиште на ул.Даме Груев бр.1, засновано на извршната исправа ОДУ Бр.197/07 од 16.11.2007 на Нотар Душко Черкезов од Радовиш, против должникот **Роза Богоева и Коце Богоев од Радовиш** од Радовиш со ЕМБГ/ ЕМБС/ ЕДБ и живеалиште/ престојувалиште/ седиште на ул.Маршал Тито бр.52, за спроведување на извршување во вредност 732.249,00 денари, на ден 16.11.2021 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ТРЕТА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА трета продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како недвижен имот и тоа:

-К.П бр.3969 дел 1 м.в Маршал Тито бр.52 зграда бр.1,намена на зграда 513,влез 1,кат 01,број 2,внатрешна површина од 53 м2 со право на сопственост 831,

-К.П бр.3969 дел 1 м.в Маршал Тито бр.52 зграда бр.1,намена на зграда 513,влез 1,кат ПР,број 1,внатрешна површина од 47 м2 со право на сопственост 831,запишана во имотен лист бр.2237 при Агенција за катастар на недвижности во град Радовиш за К.О Радовиш,

-На дел од 292/321 на К.П БР.3969 дел 1 м.в Маршал Тито бр.52 катастарска култура дворно место –ДМ во површина од 244 м2 со право на сосопственост на Република Македонија,

-На дел од 292/321 на ндевижност на КП Бр.3969 дел 1 м.в Маршал Тито бр.52 катастарска култура покрај згради –ЗП31 во површина од 70 м2 со право на сосопственост на Република Македонија,

-На дел од 292/321 на недвижноста на К.П Бр.3969 дел 1 м.в Маршал Тито бр.52 катастарска култура земјиште покрај згради –ЗП32 во површина од 7 м2 со доградена тераса(како прирасток) со право на сосопственост со Република Македонија запишана во имотен лист бр.81183 при Агенција за катастар на недвижности во град Радовиш за К.О Радовиш сопственост на должникот Коце Богоев од Радовиш.

Продажбата ќе се одржи на ден 14.12.2021 година во 10,00 часот во просториите на Извршител Љопче Димитковска Струмица ул.Васил Сурчев бр.5.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.42/2016 од 08.11.2021, изнесува 825.474,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености:товар во корист на доверителот. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за

предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.Данокот на промет паѓа на товар на купувачот.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 200001516260924 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број МК5027007114099 најдоцна 1 (еден) ден пред продажбата.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од дена 15 од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Љупче Димитковска

Д.-на:Должник,Доверител,

Државен правобранител на РМ за Струмица

Даночно одделение на Општина Радовиш

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.